**Република Северна Македонија**

**ОПШТИНА ДОЈРАН**

Врз основа на член 80, член 80-а и член 81 од Законот за градење ( „Сл.весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13,163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16,35/18, 64/18, 168/18, 244/2019, 18/2020, 89/2020; 279/2020; 96/2021; 227/2022 и 111/2023), член 31 од Статутот на општина Дојран, член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Дојран за 2023 год. бр. 08-329/4 од 03.04.2023 година и Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Дојран бр. 08-513/14 од 23.04.2021 година, Градоначалникот на Општина Дојран објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС 1/23
## За доделување локации за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Дојран

## 1. ПРЕДМЕТ НА ОБЈАВАТА

1.1 Предмет на јавниот оглас е доделување локација за поставување урбана опрема по пат на јавно усно наддавање – лицитација и издавање одобрение за нејзино поставување.

1.2 Локацијата е дефинирана согласно Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Дојран за 2023 год. бр. 08-329/4 од 03.04.2023 година и Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Дојран бр. 08-513/14 од 23.04.2021 година, донесена од Советот на Општина Дојран („Службен гласник на Општина Дојран“ бр. 4/2021)

Локацијата за поставување на урбана опрема е за следната намена:

I. Локација за поставување урбана опрема (храна, пијалоци, реквизити) – 1 нумерирана локација

Предвидена на следната локација:

По должината на кејската пешачко - велосипедска патека - почнувајќи од плоштадот под трите јавора или една нумерирана локација:

1. Локација 1.31

<u>**Деталната местоположба на локацијата на која ќе биде поставена предметната урбана опрема опишана во точка 1 од оваа објава, може да се види од графичкиот приказ со нумерички ознаки на локациите дадени во Изводот од Годишната програма за поставување урбана опрема во Општина Дојран за 2023 година.**</u>

## 2. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА УСНОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

**2.1.** Право на учество на јавниот оглас имаат сите заинтересирани домашни и странски правни и физички лица, кои ги исполнуваат условите утврдени со јавниот оглас, кои ги имаат регулирано сите обврски, односно немаат неплатени долгови спрема Општина Дојран (за што потврда издава Одделението за финансиски прашања на Општина Дојран) и кои најдоцна до денот и часот на јавното отворање на понудите ќе положат и ќе доставaт потврда за уплатен гарантен депозит до Комисијата.
Депозитот изнесува 20% од почетната цена по метар квадратен, утврдена за локацијата за предметната урбана опрема, за која понудувачот доставил понуда, пресметана по површина на годишно ниво и треба да биде изразен во денари (односно **18.000** денари) и се уплаќа на следната сметка:

Назив и седиште на примач: Трезорска сметка:
Банка на примач: НБ на РСМ
Трансакциска сметка: 100000000063095
Уплатна сметка: 840-123-03317
Приходна шифра и програма: 717135

ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ОГЛАС НЕМААТ: **Физички и правни лица кои се имаат стекнато со статус најповолен понудувач на претходно објавените огласи за доделување локации за поставување на урбана опрема, меѓутоа ги немаат исполнето обврските предвидени во огласот (немаат склучено договор со давателот, немаат прибавено одобрение за поставување на урбана опрема и го немаат платено годишниот надоместок за користење на јавна површина во пропишаниот рок)**

**2.2.** Сите заинтересирани субјекти можат да ја добијат пријавата за учество по електронски пат (на официјалната веб страна) или во просториите на општината и да ги добијат сите потребни информации секој работен ден во Општина Дојран, со седиште на ул. „Кеј 5-ти Ноември“ бр.1 Стар Дојран, Република С.Македонија.
**2.3.** На јавното наддавање – лицитацијата може да учествуваат само понудувачите кои имаат уредно доставена пријава за јавниот оглас 01/2023.

**2.4.** Комисијата за спроведување на постапката во рок од 24 часа по истекување на рокот за поднесување на пријавите за учество, ги известува подносителите за комплетираноста на истите по електронски пат и ги информира за денот и часот на одржување на усното јавно наддавање на нивна контакт адреса наведена во пријавата како и на веб страната на општина Дојран.

## 3. РОК И ПОЧЕТНА ЦЕНА ЗА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

**3.1.** Почетна цена на усното јавно наддавање поединечно за поставување на урбана опрема на локацијата опишана во точка 1 дел I на оваа објава за поставување урбана опрема (храна, пијалоци, реквизити) изнесува 300 денари по $м^2$ месечно.
**3.2.** Наддавањето за понудената локација ќе се врши "чекорно" со зголемување на вредноста со секој "чекор" не помалку од 1,00 денари, а без ограничување на максималниот чекор на наддавање.
**3.3.** Трошоците што се однесуваат на обврски кон државата, комунална такса, електрична енергија и останати тековно инвестициони обврски се на товар на најповолниот понудувач.
**3.4.** Правото за поставување на урбана опрема опишана во точка 1 од оваа објава се определува за период од 5 (пет) години.
**3.5.** Општина Дојран го задржува правото за предвремено еднострано раскинување на договорот за поставување на предметната урбана опрема, заради потребите на општина Дојран, а отстранувањето на истата ќе биде на товар на понудувачите кои го добиле правото за нејзино поставување.
**3.6.** Доколку во текот на постапката, која трае до потпишувањето на договорот, се случат непредвидени околности кои го прават невозможно понатамошното водење на постапката, општина Дојран го задржува правото да ја запре постапката, односно да не го потпишува договорот, за што не сноси никаква одговорност.
**3.7.** Понудената цена за добивање право за поставување на предметната урбана опрема од страна на понудувачот треба да биде изразена во денари.

## 4. ПОСТАПКА И УСЛОВИ ЗА УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

**4.1.** Заинтересираните физички и правни лица поднесуваат пријава за учество на усното јавно наддавање- лицитација, во затворен коверт до Општина Дојран ул. „Кеј 5-ти Ноември" бр.1 Дојран, со цел на дознака- **не отварај се до рок определен за поднесување на пријава**, при што во пријавата задолжително треба да биде напишана e-mail адреса на подносителот и локацијата на кој се однесува самата пријава, комплетирана со следните докази:
**1.** Доказ за идентитет (лична карта или патна исправа) – за физички лица, односно документ за регистрана дејност издаден од Централен регистар на РСМ за правни лица; (доколку лицето кое ќе учествува на усното јавно наддавање-лицитација е во улога на полномошник задолжително е кон пријавата да достави полномошно заверено на нотар);

**2.** Потврда дека нема заостанати обврски кон Општината по основ комунална такса и закуп на урбана опрема; Издавач на потврдата е Одделение за финансиски прашања при Општина Дојран.
**3.** Потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки, оригинал или копија заверена кај нотар и не постара од 1 месец
**4.**Уверение за неосудуваност (за правните лица, уверение доставува управителот)
5. Уверение од надлежен орган дека не е под стечај во оригинал или заверена копија кај нотар и не постара од 6 месеца; (правни лица)
**6.** Доказ за уплатен износ-депозит за учество на огласот.
**7.** Изјава со која што понудувачите ги прифаќаат условите наведени во огласот. (Прилог 1 на Огласот)

Пријавите треба да се достават најдоцна до 14.07.2023 година до 15:00 часот преку пошта или лично во архива. Пријавите кои не се комплетирани со овие докази нема да учествуваат на усното јавно наддавање за што подносителите на некомплетни пријави ќе бидат известени електронски на нивна контакт адреса наведена во пријавата. Пријавите пристигнати после наведениот рок нема да се разгледуваат.
**4.2.** Секој учесник во усното јавно наддавање, може да учествува во наддавање за една или повеќе локации доколку ги исполнува условите за учество во јавното наддавање.
**4.3.** Јавното наддавање ќе се одржи и доколку по објавата се пријавил и само еден понудувач кој ги исполнува условите наведени во огласот и ја наддаде почетната цена.
**4.4.** Постапката за усно јавно наддавање ја отвора Комисијата со утврдување на идентитетот на учесниците во наддавањето (лична карта, пасош, писмено овластување односно полномошно заверено на нотар), што ги исполниле условите на учество во јавното наддавање.
**4.5.** Усното јавното наддавање започнува со објавување на почетната цена за предметната локација по метар квадратен, а се спроведува со понудување на минимално прво наддавање од страна на учесниците. Јавното наддавање за секоја локација поединечно се смета за завршено доколку по објавување на комисијата за последната постигната цена и по третиот повик никој од понудувачите не понуди цена повисока за еден чекор од претходно понудената.
**4.6** Начинот на усното јавно наддавање ќе биде определено со Правилник кој благовремено ќе им биде доставен на понудувачите.

## 5.ПОСТАПКА ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА УСНОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

**5.1.** Градоначалникот на Општина Дојран и најповолниот понудувач, склучуваат договор во времетраење од 5 (пет) години, во кој покрај начинот на плаќање на постигнатата цена, посебно се утврдуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни.

**5.2.** Договорите со најповолните понудувачи се потпишува во рок од 15 дена од доставување на известувањето за избор на најповолен понудувач.
**5.3.** Доколку најповолниот понудувач се откаже од склучувањето на договорот ќе му се реализира гарантниот депозит и истиот ќе нема право да учествува во следно наддавање за истата локација.
**5.4.** Комисијата по завршување на јавното наддавање, ќе го врати положениот депозит на оние учесници во наддавањето чии понуди не се прифатени, односно не ги исполнуваат условите да учестуваат во јавниот оглас. На понудувачите депозитот им се враќа во рок од 15 дена од денот на усното јавното наддавање.
**5.5.** На најповолните понудувачи гарантниот депозит ќе им биде засметан во надоместокот за користење на доделената локација (јавна уредена површина).

## 6. ОБВРСКИ НА НАЈПОВОЛНИОТ ПОНУДУВАЧ:

**6.1.** Најповолниот понудувач во рок од 30 (триесет) дена од склучувањето на Договорот, има обврска да достави идеен проект согласно Извод од програмата за урбана опрема за конкретната локација.
**6.2.** Најповолниот понудувач е должен да обезбеди одобрение за поставување на предметната урбана опрема, во рок од 45 (четириесет и пет) дена, од денот на склучувањето на договорот, а во спротивно непостапувањето по оваа обврска ќе биде услов за раскинување на договорот.
**6.3.** Плаќањето на годишната закупнина за издадената локација ќе се врши врз основа на доставена пресметка од страна на општина Дојран. Учесниците во постапката на јавно наддавање што понудиле највисока годишна цена на предметот на јавниот оглас се должни да го исплатат утврдениот годишен надоместок за користење на земјиштето за поставување на урбана опрема за првата година во рок од 10 дена од денот на склучување на договорот, додека за наредните години, плаќањето ќе се врши однапред за целата година, а најдоцна до 30.06. во тековната година.
**6.4.** Учесниците кои ќе добијат статус на најповолен понудувач, имаат обврска да ги одржуваат жарденериите кои се наоѓаат во непосредна близина на доделените локации.

Овој оглас ќе биде објавен и на WEB страната на Општина Дојран, www.dojran.gov.mk

Комисија за спроведување на јавно наддавање<br>за доделување локации за поставување урбана опрема<br>на подрачјето на Општина Дојран

ПРИЛОГ 1

До

Комисија за спроведување на јавно наддавање за доделување локации за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Дојран

# И З Ј А В А

Јас долупотишаниот, ____________________________ од ______________________________________________________, (живеалиште/седиште)

ЕМБГ/ЕМБС_________________________, изјавувам под целосна одговорност дека се согласувам и ги прифаќам условите во Оглас бр. 1/2023 за доделување локации за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Дојран, за локација_____________, со почетна цена од_________ денари.

Изјавил,

___________________